# Извештај од постигнувањето на целите наведени во Стратешките планови на ФФМ

| | |
|---|---|
| Година: | 2024 |

Изминатата година за ФФМ беше година во која напорно работевме према нашата визија, мисија како и главните стратешки цели согласно Стратешките планови на Фудбалската федерација на Македонија, и тоа:

- Генерална стратегија 2021 – 2025;
- Македонска стратегија за женски фудбал 2021 – 2025 (страна 9);
- Стратегија за општествена одржливост сезона 23/24 – 26/27 (страна 12).

Нашите активности се стремеа кон промовирање на нашите вредности со кои вршиме грижа за играта која сите ја сакаме и придонесуваме за нејзин развој и посветла иднина.

Согласно креираната рамка на кратки, средни и долгорочни цели во кои сите заедно вклучувајќи ги и заинтересираните страни работевме градејќи подобра и поздрава средина за сите кои сакаат да бидат дел од нашиот фудбалски свет. Сите заедно обединети во фудбалот, продолжуваме и понатаму, не скршувајќи од зацртаните цели, но и изнаоѓајќи решенија и нови начини како да се справиме со предизвиците на кои наидуваме на патот кон успехот.

На предизвиците и потешкотиите со кои се соочувавме, наоѓавме нов пристап со цел остварување на зацртаните цели. Многу е важно за раководењето со фудбалот да останеме и понатаму транспарентни и да продолжиме да влеваме доверба кај сите кои допринесуваат за развојот на фудбалската игра.

Нашите натпреварувања испраќаат јасна порака колку луѓето го сакаат фудбалот. И не само на професионално ниво, туку и на аматерско, каде секојдневно се одигруваат натпревари ширум државата. ФФМ секогаш го става фудбалот на првото место. Затоа овој извештај го покажува начинот на функционирањето, постигнатите резултати, согласно зацртаните цели наведени во столбовите на кои се засноваат нашите стратешки планови.

**Генерална стратегија 2021 -2025**

**Обединети од фудбалот**

Генералната стратегија се заснова на нашата единствена мисија и тоа да воспоставиме пристап што нуди еднакви можности за сите да се вклучат, да уживаат и да се натпреваруваат во македонскиот спорт број еден – фудбалот.

Континуирано работејќи на **имиџот и вклученоста** во организацијата, го продолжуваме поедноставувањето во нашата дигитална регистрација преку системот КОМЕТ. Направени беа обуки за претставниците на клубовите кои се одговорни за регистрацијата на играчи како и за клубско лиценцирање. Започна **новиот модул на системот за регистрација** кој им овозможува на клубовите кои се дел од лиценцната постапка да аплицираат и да ја доставуваат својата документација електронски.

Започнавме со евалуација и со прибирање на информации интерно од сите наши вработени како и членовите од Управниот одбор, потребни за изработка на нова веб страна која ќе биде достапна и лесна за користење за сите наши заинтересирани страни.

Продолживме да ги пренесуваме натпреварите од Првата македонска фудбалска лига, како и по еден натпревар од Првата женска фудбалска лига на youtube каналот. Освен натпреварите од домашните натпреварувања, се врши пренос и на младите национални селекции како и футсал репрезентацијата кога ги играат своите натпревари на домашен терен. Се трудиме да обезбедиме и сигнал од нашите репрезентативни младински натпревари во гости кога имаме можност и за тоа навремено го објавуваме на нашите медиумски канали како и во соработка со Македонската радио телевизија. Телевизиските права за репрезентацијата до 21 година и женската репрезентација ги поседуваме во целост за што склучуваме договори со соодветни агенции за максимално искористување на истите со можност за приходување согласно натпреварувачката група од соодветните квалификации.

Преку развивање на беспрекорна патека на можности, обезбедувајќи секое дете во Македонија што сака да игра да може да ужива и да стане дел од фудбалот, се трудиме да преку **партиципацијата** односно градење на нашата игра го зголемиме учеството на сите.

И понатаму го следиме трендот на генералниот проблем на масовно иселување на луѓето од нашата држава и се обидуваме преку тековните натпреварувања, но и преку креирање на нови проекти да го одржиме бројот на учесници во фудбалската игра. Согласно последната пререгистрација во 2022 година, бројот на фудбалери изнесува 23 209, бројот на женски фудбалери изнесува 2062, додека бројот на футсал играчи изнесува 705.

Преку започнатите долгорочни проекти како училишниот фудбал, започнавме со анализа на тековниот проект со цел идентификување на области за идно подобрување. Овој проект кој е одобрен за циклусот 2020 – 2024 се имплементира во соработка со Федерацијата за училишен спорт на Македонија. Врз основа на спецификите проектот е продолжен во 76 основни училишта од државата, ангажирани се повеќе од 100 лица за реализација, а учество земаат околу 6000 дечиња од кои една петина се девојчиња. Овој проект се финансира директно со средства од УЕФА Хеттрик програмата за грасрут фудбал.

Детската лига како наше најмасовно натпреварување започна навремено согласно есенската полусезона 23/24 со сите планирани активности како и пролетната 2024/2025. Во детската лига учествуваат повеќе од 120 клубови и повеќе од 500 екипи. Во нив се натпреваруваат 8000 регистрирани фудбалери на неделна основа. Завршните турнири од ова натпреварување се планираат кон крајот на Мај во сите 6 ( шест) региони, а финален турнир е предвиден да се одржи на Тренинг центарот Петар Милошевски во Скопје. За жал поради се поголемите инциденти кои ни се случуваа за време на натпреварите од детските лиги се донесе непопуларна одлука да истите бидат забранети за гледачи на терените на ФФМ.



(завршен турнир од детските лиги)

Едукативниот центар на ФФМ, го анализираше нашиот сегашен образовен систем за тренери во рекреативна категорија со цел идентификација на областите што може да се подобрат. Продолживме со зголемен број на развојни модули во нашиот образовен систем за тренери за да се подобри тренингот и во изминатата година се зголеми бројот на курсевите за едукација на тренери. Во текот на изминатата година Едукативниот центар за тренери при ФФМ одржа: курсеви за Ц лиценца, за Б лиценца, беше стартуван курсот за едукација на едукатори како и првиот модул за кондициони тренери под водство на менторот Вернер Хелсен од УЕФА. Во делот на тренерскиот одбор за изминатата година направен е огромен исчекор, особено во регистрацијата на УЕФА лиценца за тренерите од Првата, Втората и Првата ЖФЛ.

Голем успех во текот на изминатата година бележи ФФМ преку судиската организација која континуирано врши обуки, тестирања и едукации за сите наши судии во текот на годината. На есенскиот фитнес семинар за главни и асистенти судии кој Фудбалската федерација на Македонија го организираше минатата недела, за прв пат во фудбалската историја воопшто, беше спроведен комплетно автоматизиран тест кој интегрира високо интензивно трчање со донесување и анализа на судиска одлука. Тестот кој беше имплементиран, всушност е иновација во фудбалското судење. Судиите кои беа дел од семинарот, станаа пионери во користењето на технологија, која дополнително ќе им помогне за подобро донесување одлуки во клучните моменти од натпреварите.

Фудбалската федерација на Македонија на 21 и 22 ноември организираше уште еден успешен семинар за футсал судии, кој го одржа футсал експертот на УЕФА, Педро Галан. Настанот, имаше за цел да ги подобри знаењата и вештините на футсал судиите низ целата земја.

Уште едно големо признание од страна на ФИФА доби судиската организација при Фудбалската федерација на Македонија.Две наши судијки официјално го добија знакот на ФИФА со кој им е овозможено да делат правда на меѓународни натпревари. Тамара Цветановиќ официјално стана

ФИФА помошен судија, а Моника Даштевска стана футсал судија. Додека нашата најдобра судијка, Ивана Проjковска продолжува да ја претставува нашата федерација на највисоките нивоа на меѓународниот фудбал. Неодамна, доби признание и обврска да биде дел од арбитрите на Светското првенство за жени до 20 години кое денеска започнува во Колумбија.






**(фудбалски иновации кај судиите)** **(фудбалски семинар за футсал судиите)**

Во текот на изминатата година, системот на **натпреварувања** остана ист. Извршивме преглед на системот за лиценцирање на клубовите на ФФМ, со цел тој да ги одразува најдобрите европски практики. Извршивме подобрен систем за лиценцирање на клубовите во областите на неговата примена преку имплементирање на електронска верзија за аплицирање и доставување на документација MyComet. Освен клубовите кои се лиценцираат за учество во УЕФА натпреварувањата, задолжително е лиценцирањето и во домашните првенства и тоа за Прва и Втора МФЛ.. Беа извршени низа на едукации и обуки за клубовите во однос на лиценцирањето.





(Одржани работилница со клубовите од Прва, Втора и Прва ЖФЛ)

Комисијата за натпревари во рамки на Фудбалската федерација на Македонија, предпочетокот на сезоната го организираше редовниот семинар за делегати на мечевите од Прва и Втора МФЛ. На семинарот се дискутираше за новата натпреварувачка сезона 2024/25 одговорностите и обврските на делегатите на самите натпревари, безбедноста и заштитата на интегритетот на натпреварите, како и промената на одредени точки во Пропозициите за Прва МФЛ, Втора МФЛ и Куп натпреварите, односно нивното дополнување.




(Состанок со делегатите на Комисијата за натпревари при ФФМ)

Одделот за безбедност и интегритет при Фудбалската федерација на Македонија одржа работни состаноци претставници од МВР - СВР и Организиран криминал и комесарите за безбедност при клубовите од Првата и Втората МФЛ.

Одделот за Безбедност и Заштита на Интегритет, во изминатиот период превзема низа активности преку организирање и учество на работилници и семинари со различни чинители/учесници во фудбалсаката игра (фудбалери, судии, делегати, контролори, клубови преку комесари, млади фудбалери), но исто така преку покани за семинари да земат учество и претставници на МВР (Оддел за ЈРМ и Оддел за Организиран Криминал и Корупција) со единствена цел, подигнување на нивото на интегритетот и борбата против местењето на натпревари .

Исто така беше одржана работилница за „Заштита на интегритетот и борбата против местењето на натпреварите”. Во првиот дел од семинарот се разговараше за вредностите на фудбалската игра, проблемот со местењето на натпреварите, негово брзо откривање, безбедноста и заштитата на интегритетот, како и потребата на Уефа за заштитата од местењето на натпреварите.На семинарот беше презентиратана постапката и процесирањето на недозволените влијанија за заштитата на интегритетот на натпреварите и натпреварувањето. Презентациите на работниот состанок беа спроведени од Роберт Марковиќ (раководител на одделот за безбедност и интегритет и Евгенија Милиновиќ (менаџер за меѓународен фудбал и развој).



(Одржана работилница Заштита на интегритетот и борбата против местење на натпреварите)

Фудбалската федерација на Македонија беше домаќин и организатор на првиот регионален семинар за фудбалска медиција „Нови трендови на спортски повреди и превенција" одржан во Скопје во периодот од 25 до 27 октомври.

Тридневниот семинар понуди единствена можност, медицинскиот персонал на националните фудбалски асоцијации од регионот (Македонија, Хрватска, Словенија, Албанија, Бугарија, Косово, Турција) и клупските доктори и физиотерапевти кои работат во македонските клубови да споделат искуства, најдобри практики и предизвици поврзани со најчестите медицински повреди во фудбалот и современите методи за нивна превенција и третман.





(Донирани дефибрилатори и обука на претставници на екипи од Втора МФЛ)

Преку зајакнување на нашиот пристап за развој на елитни таленти на национално ниво се трудиме да обезбедиме одржлив меѓународен успех што ја инспирира нацијата. **Елитниот фудбал** и сите учесници бараат соодветен треман и услови за кои Фудбалската федерација на Македонија подеднакво се грижи и ги обезбедува на највисоко ниво.

Македонската сениорска фудбалска репрезентација ја оправда фаворитската улога и славеше над Фарски Острови со 1-0 во последниот меч од Лигата на нации. Од претходно ни беше обезбедено првото место во групата и местото во Б дивизијата, но без разлика на тоа дојдовме до ново славје, петто во низа во оваа конкуренција и со тоа остануваме во игра за баражот за пласман на Светското првенство кое е на програмата во 2026 година.



Во месец Декември Нашата најдобра репрезентација се наоѓаше во третиот шешир и на денешното извлекување за ривали ги доби селекциите на Белгија, Велс, Казахстан и Лихтенштајн, во рамките на групата Ј. Квалификациите за пласман на СП 2026 ги стартуваме во март.

И покрај тешката квалификациска група за европското првенство, машката А репрезентација има подобрување на рангирањето на ФИФА табелата во однос на 2022 година. На крајот од 2024 година го обезбедивме 67-тото место што е за две места послабо од минатата година. Пласман на женска А репрезентација, заклучно со 2024 година на 130 место на ФИФА ранг листата со што е за 5 позиции подобро од изминатата година. Пласман на фустал А репрезентација, заклучно со 2024 година на 58 место на светската ранг листа, кое за девет места послабо во однос на изминатата година.

Во делот на младинските машки репрезентации, следи следниот табеларен приказ:

| | ОДИГРАНИ | ПОБЕДИ | НЕРЕШЕНИ | ПОРАЗИ |
|---|---|---|---|---|
| **У-15 (2010)** | 11 | 2 | 5 | 4 |
| **У-16 (2009)** | 10 | 3 | 1 | 6 |
| **У-17 (2008)** | 14 | 3 | 1 | 10 |
| **У-18 (2007)** | 3 | 0 | 1 | 2 |
| **У-19 (2006)** | 10 | 3 | 3 | 4 |
| **У-19 (2005)** | 5 | 1 | 1 | 3 |
| **У-21** | 10 | 4 | 0 | 6 |
| **ВКУПНО** | **63** | **16** | **12** | **35** |

Од страна на Фудбалската федерација на Македонија сите младински репрезентации се максимално третирани на највисоко ниво овозможувајќи соодветни услови и голем број на натпревари како во подготвителниот така и во квалификацискиот период.

Во делот на стабилизирање на **приходите**, Ја продолжуваме соработката со нашите партнери: Комерцијална банка АД Скопје, Кожувчанка, Сава осигурување и ЈАКО како технички спонзор. Со ова значи дека градиме одлични партнерски односи со компании кои споделуваат исти вредности. И покрај тешкиот период во делот на економските предизвици во и вон земјата, се обидуваме да го адаптираме нашето портфолио на понудени производи на потенцијалните партнери.



(промотивен настан со Комерцијална банка)

**Инфраструктурата** останува како еден од главните сегменти за инвестиција ја продолжуваме и понатаму со средствата предвидени од програмите Хеттрик на УЕФА и Форвард на ФИФА. Дел од терените и одржувањето на истите беа направени и од сопствени средства на федерацијата. Во 2024 година, со одлука на Управниот одбор, се отпочнаа активности за реализација на програма за инвестиција од Форвард 2 и Форвард 3 програмата на ФИФА.



(Осветлување на Стадионот Тумбекафе во Битола)

На долг рок инвестираме во нашите кадри кои се дел од службените лица на УЕФА натпреварувањата (судии, делегати, контролори, организациски директори и службеници за безбедност) како и членувања во комисиите на УЕФА. Како голем успех, претставници на Фудбалската федерација на Македонија, Филип Поповски во улога на делегат на натпревари и Сашо Даневски, кондициски тренер на фудбалски судии, добија голема чест да бидат дел од организацијата на натпреварите на Европското првенство 2024 во Германија вклучувајќи го и финалниот натревар кој се одигра на стадионот во Берлин.

Доброто раководење преставува основниот столб на функционирањето на ФФМ. Ние преку низа активности го следиме и ги подобруваме нашите активности. Во соработка со одделот на УЕФА задолжен за good governance еднаш годишно вршиме проверка/евалуација на системот на функционирање од страна на ФФМ и вршиме подобрување. Соработката со нашите принципали ФИФА и УЕФА е на највисоко ниво каде освен асистенцијата преку нивните фондови се врши размена на знаења и искуства. Во текот на месец Декември, Управниот одбор на ФФМ закажа Вонредно изборно собрание за избор на претседател на Фудбалска федерација на Македонија на 22.12.2024 година. Единствен кандидат за функцијата Претседател беше господинот Масар Омерагиќ. Превземајќи ја функцијата Претседател, за в.д. генерален секретар беше назначен Дрилон Ганиу.

## Македонска стратегија за женски фудбал 2021 – 2025

## Повеќе жени, повеќе голови

Со воспоставувањето на стратегијата за женски фудбал, дадовме конкретни насоки во делот на развојот на фудбалската игра наменета токму на жените. Со нашата визија дека фудбалот ќе го воспоставиме како спорт број еден за жени и девојки во Македонија се трудиме преку активностите на годишно ниво да ги подобруваме условите за истото. Од таму е и нашата мисија, каде се обврзуваме да обезбедиме можности и иновации, овозможувајќи на сите жени и девојки да уживаат, да се развиваат и да настапуваат.

**Отпочнавме со реализација на проектот „Брендирање на Прва ЖФЛ “**со цел подигнување на свеста, како и подобрување на имиџот на женскиот клубски фудбал. Низ истражувањата кои ги спроведовме во текот на 2023 година подготвувајќи ја стратегијата беше утврдено дека женскиот фудбал во Македонија има потреба од поголема препознаеност и видливост и тоа во сите свои сегменти, од лиги до национални тимови.

Овој проект за брендирање на Првата женска фудбалска лига се однесува токму на зголемувањето на видливоста и препознатливоста на натпреварувањето кое од година в година се повеќе се развива. Искрено се надеваме дека овој прв чекор ќе придонесе кон поголема популаризација и развој на женските натпреварувања во иднина.

Динамичниот бренд е осмислен да ги отсликува вредностите на женскиот фудбал: ИНСПИРАЦИЈА, ЈАКНУВАЊЕ, ХРАБРОСТ, ЛИДЕРСТВО, ЕДНАКВОСТ и ГОРДОСТ.
Проектот опфати креирање на ново лого на натпреварувањето од Првата женска фудбалска лига како и пренос на еден натпревар од колото на Македонската радио телевизија.




(лого на Првата ЖФЛ / Прес и промоција на новиот брендинг на Првата ЖФЛ, Февруари 2024)

Минатата година имавме значителен број на натпревари на А националниот тим, репрезентацијата до 19 години, и репрезентацијата до 17 години и репрезентациите до 16 и 15 години. Следните резултати беа остварени во текот на изминатата година:

| А репрезентација | У19 репрезентација | У17 репрезентација | У15/У16 репрезентација |
|---|---|---|---|
| 2024<br>6 квалификациски (3 порази, 2 победи, 1 нерешено)<br>6 пријателски (5 порази, 1 победа) | 2024<br>6 квалификациски (3 победи, 3 порази**)**<br>**Пласма од Лига Б во Лига А**<br>6 пријателски (6 изгубени,) | 2024<br>6 квалификациски ( 4 порази, 2 победи)<br>5 пријателски ( 2 изгубени, 2 победи, 1 нерешено) | 2024<br>У16 - 3 пријателски (3изгубени)<br>У15 - 7 натпревари (6 изгубени, 1 нерешено) и одржани 4 тренинг кампови |

4
Како значителен успех беше квалификување на репрезентацијата до 19 години од Лига Б во Лига А квалификации за европско првенство за девојчиња до 19 години.



(репрезентацијата до 19 години жени)

За женските тренери во соработка со УЕФА соработуваме во делот на субвенционирање на едукацијата за здобивање со потребните тренерски квалификации. Имаме зголемен број на учеснички со завршени испити за женски тренери и тоа со УЕФА Ц, Б и А лиценца. Селекторот на женската репрезентацијата до 17 години, г-ца Катерина Милеска исто така беше на обука во ФИФА во делот на менторксата програма каде нејзин ментор беше тогашниот селектор на женската репрезентација на САД г-дин Влатко Андоновски.




(селекторот на женската репрезентација до 17 години Катерина Милеска со стручниот штаб)

За прв пат се планира воведување на клубско лиценцирање за клубовите од Првата ЖФЛ, како би можеле да ги подигнеме условите кај клубовите не само кај оние кои се пријавуваат за учество во УЕФА натпреварувањата. Зголемен е и фондот за развој на женскиот фубал преку средствата кои се обезбедуваат од страна на УЕФА и ФИФА преку кои се имплементираат многу од нашите проекти. Исто така веќе втора година се имплементира фонд од така наречената солидарна шема на УЕФА, од Лигата на Шампиони наменета за сите клубови од Првата ЖФЛ. По утврдени критериуми за што можат овие средства да се искористат како дел од подобрувањето на условите, женските клубови со подршка од ФФМ навремено ја доставуваат потребната документација за аплицирање за истите.

Во текот на 2024 година по овој основ женските фудбалски клубови добија финансиска поддршка во вкупна висина од 10.000евра по клуб. Согласни солидарната шема на УЕФА за поддршка и развој на женските клубови следниве клубови обезбедија право на средства согласно настапот на ЖФК Љуботен во Лига Шампиони жени: **ЖФК Тиверија Струмица, ЖФК АСС унаитед Струга**, **ЖФК Истатов 2015 Скопје, ЖФК Речица Куманово**, **ЖФК Шкендија Тетово**, **ЖФК Борец Велес**, **ЖФК Цевитана Прилеп, ЖФК Каменица Саса**, **ЖФК Скопје 2014 Скопје.**

**Од сезоната 2023/24 ФФМ почна со стрим на натпреварите на FFM. Youtube каналот.**
**Во текот на 2024 година во живо се пренесуваа повеќе од 30 натпревари од Прва ЖФЛ и КУП натпреварувањето.**

Согласно УЕФА Хетрик VI програмата , ФФМ во 2024 година аплицираше и и беа одобрени 3 нови 4 годишни проекти за развој на женски фудбал.

Годишно 150.000 евра ќе бидат за подршка на клубовите во Женските фудбалски лиги, и 100.000 евра за подршка на националната А женска репрезентација.

## Стратегија за општествена одржливост

Во продолжение следува извештај за исполнување на Стратегија за општествена одржливост за 2024 година.

### 1. Еднаквост и вклученост

Мисијата на ФФМ е да обезбеди еднакви права и можности за сите чинители во фудбалот, без каков било тип на дискриминација базиран на раса, националност, пол, религиозна припадност, сексуална ориентација или кој било тип на инвалидитет (интелектуален, сензорен, физички, ментален итн.).

Активности поврзани со цели од прв столб-Еднаквост и вклученост.

**Активност 1:** Број на жени тренери со завршена едукација за УЕФА тренерски дипломи во 2024 година.

- Ц УЕФА лиценца: 21
- Б УЕФА лиценца: 3
- А УЕФА лиценца 3
-

**Активност 2:** Континуирана едукација и развој на жени вработени во администрација на ФФМ и учество во едукации и семинари организирани од страна на УЕФА.

- ЦФМ (Сертификат за фудбалски менаџмент): Александра Ѓурчиновска
- ДФЛМ (Диплома за фудбалски раководен менаџмент): Викторија Тодоровска
- присуство на работилници за размена на искуства за финансии и менаџмент на човечки ресурси под капата на Grow програмата: две учеснички.
- Едукација на жени доктори на Семинарите за медицина организирани од страна на ФФМ. На првиот семинар Април 2024 учествувале 6 жени од вкупно 59 учесници, на втотиот семинар октомври 2024 учествувале 4 жени.




(завршени обуки на жени вработените во ФФ




GROW конференција-мај 2025

**Активност 3:** Број на жени со завршена едукација за судии и полагање на фитнесс тест во 2024 година.

- ФИФА категорија: 7 кандидатки
- Републичка категорија: 4 кандидатки
- Прва категорија: 3 Кадидатки
- Втора категорија: 3 кандидатки



ФИФА судии жени

### 2. Заштита на деца и млади

Мисијата на ФФМ е да ги заштити правата на децата и младите кои играат фудбал, да превенира и одговори на која било форма на насилство. Тренирањето фудбал да биде безбедно, здраво и забавно искуство за секое дете.

Активности поврзани со цели од втор столб-Заштита на деца и млади.

**Активност 1:** Креирање и усвојување на полиса за заштита на деца и млади

- Формирана работна група и започнати состаноци за изработка на Правилник за заштита на деца при ФФМ.

## 3. Заштита на животна средина

Мисијата на ФФМ е да се намали штетното влијание на фудбалската индустрија врз животната средина, да се зголеми енергетската ефикасност со користење обновливи извори на енергија, да се минимализира негативното влијание од отпадот на пакување, согласно ЕУ-регулативите, да се подобри квалитетот на воздухот и биодиверзитетот со раззеленување и да Експлоатација на обновливи извори на енергија.

Активности поврзани со цели од трет столб-Заштита на животната средина.

**Активност 1**: Користење на соларни панели за произведување на електрична енергија

- Во продолжение следи извештај за количината на соларна енергија произведена од соларните панели кои се поставени на зградата на ФФМ.

| **Електрична енергија во kWh произведена од соларни панели 2024** | |
|---|---|
| January | 3,636.35 |
| February | 4,937.77 |
| March | 6,000.00 |
| April | 6,720.00 |
| May | 5,800.00 |
| June | 7,080.00 |
| July | 8,030.00 |
| August | 7,970.00 |
| September | 5,860.00 |
| October | 5,440.00 |
| November | 4,187.00 |
| December | 2,904.00 |
| | |
| **TOTAL in kWh** | **68,565.12** |

**Активност 2**: Имплементирање на принципите за циркуларна економија во сите активности на Федерацијата.

- Во продолжение следи Пакомак извештај за селектиран отпад.

| **Период** | **Хартија kg** | **Пластика kg** |
|---|---|---|
| Јануари 2024 | **9.62** | 2.41 |
| Февруари 2024 | 10.32 | 2.58 |
| Март 2024 | 645.44 | 161.36 |
| Април 2024 | 0.00 | 0.00 |
| Мај 2024 | 238.96 | 59.74 |
| Јуни 2024 | 0.00 | 0.00 |
| Јули 2024 | 4.24 | 1.06 |
| Август 2024 | 1,150.91 | 287.73 |
| Септември 2024 | 0.00 | 0.00 |
| Октомври 2024 | 0.00 | 0.00 |
| Ноември 2024 | 3,808.34 | 0.00 |
| Декември 2024 | 0.00 | 0.00 |
| **Вкупно** | **5,867.83** | **1,466.96** |

## 4. Фудбал за сите способности

Мисијата на ФФМ е обезбедување можности за луѓето со различни типови на способности (инвалидитет) да партиципираат во фудбалот како играчи, навивачи или друга позиција во фудбалската индустрија и да го користат фудбалот како интегративна алатка.

Активности поврзани со цели од четврт столб-Фудбал за сите способности.

**Активност 1:** Обезбедување на бесплатни билети за натпреварите на А репрезентација за лицата со инвалидитет

- Обезбедување на максимум 30 бесплатни билети за натпреварите А националниот тим, кои се наменети за лица со попреченост

**Активност 2:** Обезбедување на финансиски средства и друга подршка за Националниот сојуз на лица со инвалидитет-Мобилност за организирање на фудбалски натпревари и тренинзи.

- Во изминатата година се поддржани 5 фудбалски настани во кои учествува футсал тимот на МОБИЛНОСТ.

- **Активност 3:** Организирање на тренажен процес  и опрема на училиштето Свети Наум наменет за ученици со интелектуална попреченост

Продолжен договорот  со училиштето Свети Наум и со 4 тренери кои 2 пати неделно одржуваа фудбалски тренинзи за деца со интелектуална попреченост од училиштето, ги водеа на натпревари и турнири  во текот на учебната година и организираа фудбалски камп во Охрид во Јуни 2024.






(фудбалски тренинзи во соработка со ДСУ Св.Наум Охридск

## 5. Здравје и благосостојба

Мисијата на ФФМ е промоција на здрав и активен живот преку едукација и активности кои ќе допринесат за создавањето здрави навики и промени во животниот стил кај сите старосни групи, почнувајќи од вработените на ФФМ и проширувајќи се кон фудбалските чинители и пошироката јавност.

Мобилизирање на фудбалската заедница која треба да биде пример за воспоставување стандарди за активен и здрав живот.

Активности поврзани со цели од петти столб- Здравје и благосостојба.

**Активност 1:** Овозможување на едночасовен тренинг во тек на работно време за секој вработен на ФФМ

- 1/5 од вработените започнаа со тренинзи два пати неделно во теретаната на ФФМ со цел подобрување на своето здравје и благосостојба.
- Walking football: организиран фудбалски натпревар за вработените на ФФМ мај 2024



Walking football натпревар за вработени

- Team building активност за вработените на ФФМ во Солун, октомври 2024



Team building активност за вработен